Врз основа на член 19 став (1) точка 11) од Законот за ревизија ('Службен весник на РМ' бр. 158/2010, 135/2011, 50/2012, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15 192/15, 23/2016 и 83/2018), а во врска со член 25 и член 51 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на РМ (ИОРРМ), Управниот одбор на ИОРРМ на предлог на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги на седницата одржана на 22.11.2018 година ја усвои следната

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за 2018 година[1]

1. Годишната програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги (во натамошниот текст: комисијата) за 2018 година, се изработува врз основа на надлежностите на комисијата уредени со Статутот на ИОРРМ.

2. Годишната програма за работа на комисијата ги содржи следните активности:

   - Придржување до целите на Акцискиот план кој се доставува до IFAC за имплементирање на ефективна и ефикасна програма во согласност со СОЧ1[2].
   - Изготвување и усвојување на Годишниот Извештај за наодите од извршените контроли во периодот 2017/2018 година.
   - Подготвување на општи статистички податоци за екстерна комуникација.
   - Измени и дополнување на предлог Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и на овластен ревизор – трговец поединец за усогласување со Законот за ревизија и негова имплементација.
   - Подготвување на циркуларни писма од обласа на примена на стандардите за ревизија прифатени во Република Македонија, по потреба.
   - Ажурирање на методологијата за начинот и постапката на контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и на овластен ревизор – трговец поединец, доколку има потреба.
   - Изготвување и усвојување на Годишниот план за контрола на квалитетот за 2018/2019 година.
   - Следење на спроведувањето на Годишниот план за контрола на квалитет за 2018/2019 година.

---

[1] Проверките на контрола на квалитетот за 2018 година ќе се одвиваат во период од 01.09.2018 до 30.06.2019
[2] Statement of Membership Obligations

*На 19.12.2018 година, СУНРРМ даде согласност на Годишната програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги за 2018 година*

- Проследување на резултатите од спроведените порверки на контрола на квалитет до соодветните комисии во рамките на ИОРРМ и/или Управниот одбор на ИОРРМ.
- Изготвување на периодичен извештај од спроведените проверки на контрола на квалитет и негово проследување до Управен одбор на ИОРРМ.
- Согласно резултатите од проверките на контролата на квалитетот, доставување на информации и предлози до Комисијата за образование, обука и публикации за цели на дизајнирање на план и програма на обуки.
- Други прашања поврзани со контролата на квалитет.

3. Оваа Годишна програма стапува во сила со денот на нејзиното усвојување од страна на Управниот одбор на ИОРРМ, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РМ.

***Драган Димитров***
***Претседател на ИОРРМ***

*На 19.12.2018 година, СУНРРМ даде согласност на Годишната програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги за 2018 година*